РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
ENTI SHTETËROR I PRONËSISË INDUSTRIALE
Бр.-Nr. 03-1123/7
14-11-2023 20 __ год.-viti
Скопје - Shkup

# ЈАВЕН ПОВИК

Државен завод за индустриска сопственост, врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање на согласност бр 41-8625/5 од 31.10.2023 година за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Северна Македонија"бр. 231 од 02.11.2023 година), објавува јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари – опрема, електронска, електрична и информатичка опрема, како и други основни средства – инвентар, кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, и истите не се користат од страна на Државен завод за индустриска сопственост.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари - електронска, електрична и информатичка опрема и друг инвентар, предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи, без надоместок.

Движните ствари се наоѓаат во подрумска просторија во зградата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје Виена Иншуренс Груп, ул. „11 Октомври" бр. 25, 1000 Скопје.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад (електронски отпад и друг отпад), издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Наташа Здравковска Коловска, телефон за контакт: 075 404 034, електронска адреса: Natasa.zdravkovska@ippo.gov.mk.

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на Државен завод за индустриска сопственост, ул. „Даме Груев" бр. 14, 1000 Скопје или електронски, преку следниот линк: **Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад** објавен на веб страната на Државен завод за индустриска сопственост.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е **17.11.2023 година до 10.00 часот.**

Државен завод за индустриска сопственост